ОСНОВЕН СУД ОХРИД

Су 03 бр. 11/23

30.01.2023 год.

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ЕДУЦИРАЊЕ НА РАКОВОДСТВОТО И ОВЛАСТЕНИТЕ ЛИЦА ВО ОСНОВЕН СУД ОХРИД ЗА НЕПОСРЕДНИТЕ ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## 1.Општи одредби

За да се обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци на субјектот, Основен суд Охрид применува соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, и заштита од какви било незаконски облици на обработка, особено заради тоа што во Основен суд Охрид се врши обработка на лични податоци со пренос на податоци преку автоматизиран систем и хартиени предмети.

Личните податоци, можат да се пренесуваат преку електронско комуникациска мрежа, само ако посебно се заштитени со соодветни методи, така што нема да бидат читливи при преносот.

Мерките треба да обезбедат степен на заштита на личните податоци соодветно на ризикот при обработката и природата на податоците кои се обработуваат.

## 2. Технички мерки

Основен суд Охрид обезбедува соодветни технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци, и тоа:

1. единствено корисничко име;

2. лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;

3. корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целина, на поединечни апликации и/или поединечни збирки на лични податоци потребни за извршување на неговата работа;

4. автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката;

5. автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и

автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на иниформацискиот систем;

6. инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера (“фајервол”) или рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;

7. ефективна и сигурна анти-вирусна и анти–спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;

8. ефективна и сигурна анти-спам заштита, која постојано ќе се ажурира заради превентивна заштита од спамови и

9. приклучување на информацискиот систем (компјутерите и серверите) на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување.

**3. Организациски мерки**

Основен суд Охрид обезбеди соодветни организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци, и тоа:

1. ограничен пристап или идентификација за пристап до личните податоци;

2. организациски правила за пристап на овластените лица до интернет кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронската пошта и други извори;

3. уништување на документи по истекот на рокот за нивно чување;

4. мерки за физичка сигурност на работните простории и на информатичко комуникациската опрема каде што се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци и

5. почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на информатичко комуникациската опрема на која се обработуваат личните податоци.

Вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето на секое овластено лице со право на пристап до информацискиот систем, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно заклучени за натамошен пристап.

Известувањето се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информацискиот систем.

**4. Физичка сигурност на информацискиот систем**

Серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на личните податоци, се физички лоцирани, хостирани и администрирани од страна на Основен суд Охрид.

Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите имаат само лица посебно овластени од контролорот.

Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата и личните податоци зачувани на серверите, тогаш тоа лице е придружувано и надгледувано од посебно овластените лица.

Просторијата во која се сместени серверите се заштитува од ризиците во опкружувањето преку примени на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од потенцијални закани вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.

**5. Информирање за заштитата на личните податоци**

Лицата кои се вработуваат или се ангажираат во Основен суд Охрид пред нивното отпочнување со работа се запознаваат со прописите за заштита на личните податоци, како и со донесената документација за технички и организациски мерки.

За лицата кои се ангажираат за извршување на работа, во договорот за нивното ангажирање, се наведуваат обврските и одговорностите за заштита на личните податоци.

Основен суд Охрид пред непосредното започнување со работа на овластените лица, дополнително ги информира за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.

Лицата кои се вработуваат или се ангажираат пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Изјавата содржи: дека лицата ќе ги почитуваат начелата за заштита на личните податоци пред нивниот пристап до личните податоци; ќе вршат обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од контролорот, освен ако со закон поинаку не е уредено и ќе ги чуваат како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита. Изјавата задолжително се чува во досиејата на лицата кои се вработуваат или се ангажираат кај контролорот.

Основен суд Охрид задолжително врши континуирано информирање на овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци.

**6. Распоред и динамика на обуки на овластените лица во Основен суд Охрид**

Обуките на овластените лица во Основен суд Охрид, ќе се одвиваат во текот на целата година, а притоа имајќи ја во предвид бројноста на овластените лица во Основен суд Охрид, истата ќе се одвива по категорија на работно место и по одделенија.

Овластените лица ќе бидат информирани за прописите за заштита на лични податоци, со законот, подзаконските акти на Агенцијата за заштита на лични податоци, актите за заштита на лични податоци на Основен суд Охрид, евиденциите и начинот на постапување, обврски и одговорности во врска со заштита на личните податоци во размери и граници на доменот на работни задачи пооделно на секоја категорија на овластени лица.

Динамиката и распоредот на информирање и обука на овластените лица, ќе се одвива, на следниот начин:

- во месец февруари ќе се одржи обука на овластените лица од судската полиција, приемно одделение, одделението за казнена и кривична евиденција, писара на кривично одделение полнолетни и малолетници и одделение на претходна постапка полнолетни

- во месец март ќе се одржи обука на овластените лица од писара на одделението за извршување на санкции и писара на одделение за прекршоци-прк-ј, прк-о, прк –м и прк – с.

- во месец април ќе се одржи обука на овластени лица од одделение за информатика,

-
- во месец мај ќе се одржи обука на овластените лица-судски службеници-помлад судски соработник, судски соработник, виш судски соработник и судски советник .

- во месец јуни ќе се одржи обука на овластените лица одделение за сметководство, одделение за аналитика, канцеларијата на судски администратор и одделение односи со јавноста и одделение за човечки ресурси,

- во месец јули и август нема да се одвива обука поради користење на годишен одмор на вработените во судот,

- во месец септември ќе се одржи обука на овластените лица-судски службеници-записничари,

- во месец октомври ќе се одржи обука на овластени лица-преведувачи, судска достава, судии поротници

- во месец ноември ќе се одржи обука на овластените лица-судии

- месец декември ќе се одржи обука на лицата кои биле отсутни во периодот кога се одржувале обуки.

Обуката ќе ја спроведе офицерот за заштита на лични податоци во овој суд.

**7.Обука на Офицерот за заштита на личните податоци**

Офицерот за заштита на личните податоци е должен да се едуцира, усовршува и да ја следи примената и измените на законските прописи од областа за Заштита на личните податоци.Офицерот е должен да посети обука од областа за Заштита на личните податоци, доколку таква е предвидена согласно Календарот за обуки на судските службеници за 2023 година, кој го донесува Академијата за обука на судии и јавни обвинители.Ако обука на оваа тема не е предвидена со Календарот, офицерот да се упати од судот на обука специјализирана од областа на заштитата на личните податоци, органзирана од Агенцијата за заштита на личните податоци.

**8.Обука на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Охрид**

Претседателот на Основен суд Охрид е должен да посети обука од областа за Заштита на личните податоци, доколку таква е предвидена од страна Академијата за обука на судии и јавни обвинители согласно Календарот за обуки на претседателите на судовите и судиите за 2023 година, како и други специјализирани обуки од областа за заштита на личните податоци, се со цел за правилна примена на одредбите од Законот за заштита на личните работи и подзаконските акти при работењето и менаџирањето со судот.

Согласно Календарот за обука на судии ако има предвидено обука за Заштита на личните податоци, судиите се должни да посетат таква обука.

Годишниот план за обука влегува во сила на денот на неговото донесување .

Претседател на
Основен суд Охрид
Васил Баткоски